Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-325/3
12-04-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-325/1 од 22.03.2024 година, поднесена од Здружение на здравствени соработници на РМ со седиште во Скопје, за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, сторена од страна на Министерство за здравство на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-325/1 од 22.03.2024 година, поднесена од Здружение на здравствени соработници на РМ со седиште во Скопје, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 22.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на Здружение на здравствени соработници на РМ со седиште во Скопје, заведена под број 08-325/1, а против Министерство за здравство на Република Северна Македонија за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Со оглед на изнесеното, на 22.03.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот на претставката по електорнски пат достави Барање број 08-325/2 за доуредување на истата. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 (осум) дена од приемот на истото да ја доуреди на начин што што ќе ги наведе потребните елементи за постапување по истата, а особено да ги достави следните податоци: адреса, односно седиште на здружението; податоци за застапникот на здружението и податоци за

лицето овластено за поднесување на претставката; податоци за тоа дали претставката се поднесува во име на повеќе лица и нивна согласност за истото; прецизирање на дискриминаторскиот основ; опис на настанот од кој произлегува дека е сторена дискриминација и приложување на докази за наведеното – доколку подносителот ги има.

Земено предвид наведеното, а со оглед да подносителот не ја доуреди претставката согласно доставеното Барање во законски утврдениот рок, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје
12.04.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
-